ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
Бр. 05-307/2
17.07 2019 год.
БИТОЛА

05-307/2

Друштво за производство, трговија и услуги
ФОРТУНА ГРУП ДОО
Бр. 0307-1249/19
17.07 2019 год
СКОПЈЕ

*РАМКОВНА СПОГОДБА СО ЕДЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР*

*по поедноставена отворена постапка бр. 01666/2019 за набавка на*
на стоки - Хидромеханичка опрема за тековно одржување *за потребите на претпријатието*

*Склучена на ден 17.07. 2019 год. помеѓу:*

*ЈП СТРЕЖЕВО Битола*
*претставувано од*
*Директор*
*Методија Граматковски*
*како Договорен орган*

*и*

*Фортуна Груп ДОО Скопје*
*претставувано од Сашко Јованов*
*како Носител на набавката*

*1. ПРЕДМЕТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА*

*1.1. Предмет на оваа рамковна спогодба е набавка на* **стоки - Хидромеханичка опрема за тековно одржување** *за потребите на ЈП Стрежево Битола.*

*2. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА*

*2.1. Рамковната спогодба се склучува за период од една година, од денот на потпишување на истата од страна на двете договорни страни.*

*3. ЦЕНА, НАЧИН, РОК НА ИСПОРАКА НА СТОКАТА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ*

*3.1. Испораката на стоката ќе биде по цени, согласно понудата на понудувачот од 17.06.2019 година, а вкупната вредност на оваа рамковна спогодба за Дел 1. Фасонски елементи и арматури од дуктилно железо ќе претставува вкупната вредност на сите поединечни договори кои ќе се склучат за набавка на стоката намалена за 2% согласно Извештајот од спроведената електронска аукција но несмее да го премине износот од 1.500.000,00 денари без пресметан ДДВ предвиден во одлуката за јавна набавка.Не смее да се надминат количините предвидени во техничката спецификација.*

*3.2 Испораката на стоката ќе биде по цени, согласно понудата на понудувачот од 17.06.2019 година, а вкупната вредност на оваа рамковна спогодба за Дел 2. Хидранти за наводнување и резервни делови за хидранти ќе претставува вкупната вредност на сите поединечни договори кои ќе се склучат за набавка на стоката намалена за 2% согласно Извештајот од спроведената електронска аукција но несмее да го премине износот од 2.250.000,00 денари без пресметан ДДВ предвиден во одлуката за јавна набавка. Не смее да се надминат количините предвидени во техничката спецификација.*

*3.3.Испораката на стоката ќе биде по цени, согласно понудата на понудувачот од 17.06.2019 година, а вкупната вредност на оваа рамковна спогодба за Дел 3.*

*Помошен материјал ќе претставува вкупната вредност на сите поединечни договори кои ќе се склучат за набавка на стоката намалена за 4% согласно Извештајот од спроведената електронска аукција но несмее да го премине износот од 250.000,00 денари без пресметан ДДВ предвиден во одлуката за јавна набавка. Не смее да се надминат количините предвидени во техничката спецификација.*

*3.2. Корекција на цените на предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот.*

*3.3. Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката, по склучување на секој поединечен договор за јавна набавка во Стопански двор на ЈП Стрежево Битола.*

*3.4. Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката во рок од 10(десет) дена по склучување на секој поединечен договор.*

*3.5. Начинот на плаќање е вирмански во рок од 30 дена од денот на фактурирање.*

*4. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА*

*4.1. За доделување на договорот за јавна набавка врз основа на рамковна спогодба, договорниот орган писмено го известува економскиот оператор - избран за носител на набавката.*

*5. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА*

*Договорните страни ја раскинуваат рамковната спогодба во случаите согласно чл.120 став б и в од Законот за јавни набавки*

*6. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ*

*6.1. Во случај на виша сила меѓусебните права и обврски се преуредуваат, а штетните последици од истата ќе се уредуваат на задоволителен начин за двете страни.*

*6.2. Спогодбата е составена во четири еднакви примероци, од кои по два за секоја договорна страна.*

*6.3. Во случај на спор надлежен е Основен суд - Битола.*

*Прилог – понуда на понудувачот*

*Подготвил: Соња Костадиновска*
*Контролирал: Сузана Невеновска*
*Одобрил: Христиана Голубовиќ*

| | |
|---|---|
| *Договорниот орган* | *Носителот на набавката* |
| *ЈП Стрежево - Битола* | *Одговорно лице* |
| *Директор* | *Сашко Јованов* |
| *Методија Граматковски* | |

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СТРЕЖЕВО" • Битола

Друштво за производство, трговија и услуги ФОРТУНА ГРУП ДОО Скопје